# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ДО КЛИЕНТИТЕ И ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ КЛИЕНТИ НА РБСМ АД СКОПЈЕ

(односно физички лица во својство на основачи, потписници, овластени лица, поврзани лица, вистински сопственици или др. на правни лица – **корисници и потенцијални корисници на финансиските производи и услуги на РБСМ** (кредитирање и комисиони работи, кредитно осигурување и факторинг, гаранции, финансии и др.))

Законот за заштита на лични податоци ја уредува заштитата на личните податоци како основни права и слободи на граѓаните, а посебно правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, тајноста и заштитата на обработката на личните податоци, преносот на личните податоци во други држави и давањето лични податоци на корисници.

Ова известување се однесува на обработката на вашите лични податоци од страна на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, како и за вашите права.

Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги стандардите поставени со прописите за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија и воспоставените интерни акти во Банката.

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

Контролор: Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (РБСМ)

Седиште: Димитрие Чуповски бр. 26, 1000 Скопје

Даночен број: 4030998350604

Матичен број: 5240425

Телефон: 02/3115-844

Веб-страница: www.mbdp.com.mk

Е-адреса: info@mbdp.com.mk

Податоците за физички лица во својство на основачи, потписници, овластени лица, поврзани лица, вистински сопственици или др. на правни лица – корисници и потенцијални корисници на финансиските производи и услуги на РБСМ (кредитирање и комисиони работи, кредитно осигурување и факторинг, гаранции, финансии и др.), се обработуваат со цел идентификување на погоренаведените лица.

## СОБИРАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА КОНТРОЛОРОТ

Личните податоци кои ги собира РБСМ во улога на контролор, а кои понатаму се предмет на обработка, ги обработува во согласност со прописите што го регулираат подрачјето за заштита на личните податоци.

Вашите лични податоци ги собираме од вас кога:

- во име на правното лице аплицирате за некој од производите кои ги нуди банката,
- во име на правното лице сте корисник на услуги обезбедени од банката со склучување на договори,
- ја користите нашата веб-страница,
- барате информации од нас,
- давате пофалба или поплака,
- и во други случаи за извршување на деловните обврски.

ЦЕЛ НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Вашите лични податоци ги обработуваме кога е исполнет еден од следниве услови за законитост на обработката:

- Обработката е неопходна за исполнување на законските обврски на РБСМ или други цели наведени со закон
- Обработката е неопходна за извршување на договорот во кој субјектот е договорна страна или за преземање активности на барање на субјектот пред склучувањето на договорот
- Субјектот се согласил на обработка на неговите или нејзините лични податоци за една или повеќе посебни цели.

КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КОИ ГИ ОБРАБОТУВАМЕ

- Име и презиме
- Адреса и место на живеење/ престојување
- ЕМБГ
- Број на лична карта или пасош
- Е-маил адреса од тековната состојба
- Биометриски податок - копија од личен документ (лична карта или пасош) со цел идентификација и доказ за вистински сопственик, основач, потписник и сл.

Во рамките на воспоставување на деловен однос, физичките лица во својство на основачи, потписници, овластени лица, поврзани лица, вистински сопственици или др. на правни лица – корисници и потенцијални корисници на финансиските производи и услуги на РБСМ, имаат обврска до РБСМ да достават лични податоци кои се потребни за воспоставување на деловниот однос, односно исполнување на соодветните договорни обврски. Согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, РБСМ има посебна обврска за идентификација на овие лица пред воспоставување на деловниот однос и/или извршување трансакција (идентификацијата подразбира РБСМ да ги обезбеди и евидентира податоците, како што се: име, презиме, место и датум на раѓање, државјанство, адреса и други податоци за идентификација, како и копија од документот за лична идентификација). Доколку клиентот има какви било промени во личните податоци во текот на деловниот однос, потребно е веднаш да ја извести РБСМ. Без потребните информации и документи, РБСМ нема да може да го воспостави деловниот однос.

ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

РБСМ може да врши пренос на вашите лични податоци во:

- РСМ на барање на органите на акционерот на Банката, односно Владата на РСМ,
- во земјата и/или во странство на барање на странските кредитори на РБСМ каде што се наоѓаат нивните седишта или претставништва.

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

РБСМ издава посебни овластувања-решенија на вработените лица за обработка на личните податоци на лицата претставници на правните субјекти кои имаат договорен деловен однос со банката. Овие овластени лица, пред започнувањето со својата работа, а воедно и преку организирање на континуирани обуки се запознаваат во однос на заштитата на обработката на личните податоци.

**Обработувачи на лични податоци**

РБСМ ангажира разни договорни страни кои се јавуваат во својство на обработувачи на лични податоци. Истите вршат дел од услугите во име и за сметка на банката. РБСМ склучува договори за заштита и обработка на лични податоци со такви договорни обработувачи согласно договорни стандардни клаузули. Обработувачите ги обработуваат податоците само за реализација на договорно дефинираните услуги за РБСМ и за никаква друга цел, ниту пак смеат да ги користат за свои цели или за цели на трети лица.

## МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Работењето и постапувањето на РБСМ во однос на заштитата на личните податоци на нашите клиенти и потенцијални клиенти (лица основачи, потписници, овластени лица, поврзани лица, вистински сопственици или др. на правните лица – корисници и потенцијални корисници на финансиските производи и услуги на РБСМ ((кредитирање и комисиони работи, кредитно осигурување и факторинг, гаранции, финансии и др.)) е целосно усогласено со прописите за заштита на личните податоци во РСМ. Тоа подразбира целосно воведен систем на технички и организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци, како на пример:

- се применуваат строги безбедносни постапки за намалување на ризикот од нарушување на безбедноста на личните податоци како што се неовластено откривање, неовластено пристапување до личните податоци на физичките лица и други безбедносни инциденти;
- опремата/просториите каде што се чуваат личните податоци е лоцирана во безбедна средина со ограничен физички пристап;
- се користат заштитни ѕидови (firewall), силни лозинки, антивирусни програми и други мерки за заштита на личните податоци (на пр., криптирање и псевдонимизација).
- пристап до личните податоци во рамките на РБСМ имаат само овластени лица, при што овластувањата се регулирани во согласност со работните процеси во банката;
- вработените лица во РБСМ се посветени на обезбедување доверливост;
- РБСМ спроведува редовни обуки за заштита на личните податоци за вработените лица со што се обезбедува задоволително ниво на свест во рамките на организацијата.

## РОК НА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Личните податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката.

РБСМ подлежи на различни обврски за чување и документирање кои произлегуваат од Законот за банките, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Законот за архивско работење, Законот за даночна постапка, Законот за вршење на сметководствени работи итн.

Временските рокови специфицирани во овие закони и регулативи за чување, евиденција и/или документација, можат да бидат 10 години по завршување на отплатата на кредитот/истекот на важноста на гаранцијата/периодот на осигурување.

Доколку законската регулатива наложува и подолго чување на податоците, РБСМ постапува и чува податоци и подолго од 10 години, согласно законските барања.

## ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

- Право на информации и пристап до лични податоци,
- Право на исправка на лични податоци,
- Право на бришење на лични податоци,
- Право на ограничување на обработката на лични податоци,
- Право на преносливост на податоците,
- Право на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки,
- Право на повлекување на согласноста

Субјектот на лични податоци на негово барање може да добие информација за тоа:

- дали се обработуваат лични податоци за субјектот подносител на барањето;
- кои категории на лични податоци се обработуваат;
- за кои цели и кој е правниот основ;
- корисниците или категориите на корисници;
- изворите на личните податоци;
- роковите на чување на личните податоци;
- дали се врши пренос на личните податоци во трети земји или меѓународни организации.

За остварување на вашите права можете лично да поднесете барање или преку полномошник. Образецот се наоѓа на следниот линк:

- Барање за остварување на правата на субјектот на лични податоци
- Полномошно

ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Доколку имате какви било прашања, забелешки или коментари во врска со ова Известување за приватност, може да ги упатите до офицерот за заштита на личните податоци на РБСМ.